## 12. ИЗДАНИЕ НА ПОПУЛАРНОТО ШОУ

# "Златна бубамара" со нови sвезди



Гаро е гениј: успеа да изведе познати мелодии со сетот на тенџериња



Тамара и Дани за прв пат во дует како македонската АБ

Завчерашната "Златна бубамара на популарноста" беше уште една убава вечер со смеење и забава. Шоуто памети и подобри изданија во текот на 12-годишниот стаж. Сепак, брендот, кој се наметна како единствен од овој вид кај нас, пак ја наполни скопската Универзална сала и предизвика голем интерес и коментари меѓу публиката.

"Златна бубамара" отсекогаш била во знакот на Калиопи, Каролина, Елена, Игор Џамбазов, Кили, Трендо, Бајага, Аки Рахимовски... и се разбира, Тоше. Завчерашната вечер не беше иста без сите нив на сцената, на која секој февруари очекуваме големи sвезди и големи изненадувања.

Главната sвезда на вечерта беше домаќинот, кумановскиот актер Сашо Коцев. Сé подобар и сé посигурен во својата улога, тој не ги штедеше ниту власта ниту опозицијата. Нé научи зошто е корисно да се раѓа трето дете, како се фаќа девојка на паркинг пред изборните штабови и ни откри дека светската криза по потекло е македонски тренд.

Оригинално изненадување беше откритието дека водителот на "Топки" Игор Филевски-Филе му е правнук на Никола Карев. Тој се појави на сцената со Елена Гули, внуката на Питу Гули. На Кристијан, внукот на Тоше, му ја доделија наградата за хит на годината за песната "Малечко". "Некст тајм" беше прогласена за најперспективна група. Таа ја изведе легендарната италијанска поп-класика "Лашате ми канта-



По 11 години, најдов билети за "Бубамара", се пошегува Белов



"Паркети" в

ре". Децата
перзвезда" го
настанот со св
леми хитови и
рада за најдо
ТВ-емисија.

"11 годин
сум дел од ´Зл
мара´, но нема
Оваа година, к
пеав да добиј
ца", се пошегув
дар Белов на с
ја доби наград
тие на годината
ја испеа "Кој д
Ивана", евер
Кемал Монте



Филе, како правнук на Никола Карев, во друштво на Елена Гули, внуката на Питу Гули



ББА



# Четврта Бубамара за "Сакам да кажам"

Колумната "Сакам да кажам" на Горан Михајловски, која излегува секоја сабота во "Вест", ја доби наградата за најчитана страница во 2008 година. Ова е четврта "Златна бубамара" по ред за особено популарната колумна на Михајловски, главниот и одговорен уредник на "Вест".

"Сакам да кажам" е најстарата колумна во земјава, непрекинато излегува од 12 јануари 1991 и е најпрепознатливиот новинарски бренд. Колумните досега се собрани и во три книги.

"Јас не се снаоѓам многу кога треба да зборувам. Сé што сакам да кажам јас го пишувам во петок, а вие го читате во сабота на третата страница во ´Вест´", рече вчера Михајловски примајќи ја наградата.



етија дека ќе напишат песна за Белов

од "Су-
о отворија
оите најго-
добија наг-
обра детска

и сакав да
латна буба-
ше билети.
онечно, ус-
ам влезни-
за Алексан-
цената. Тој
а за откри-
а и одлично
да ти каже,
гринот од
но. Подоц-

на, во текот на настапот, Сашо од "Паркети" го поздрави и му дофрли дека тој лично ќе напише добра песна за него. Дани и Тамара за прв пат настапија во дует, а беа во улога на македонската АББА, со коктел од најголемите хитови на шведските легенди. Весел и енергичен на сцената, одличен беше и Тони Зен со својот "Скандал".

Ана Шутиноска доби награда за најдобра радиоемисија на радиото "Антена 5", Викса за најпопуларен радиоводител, "Ексклузив" за ТВ-емисија, а "Бекстејџ" на "Сител" за најдобар ТВ-проект. Секогаш духовит и оригинален, Бубо Каров ја освежи предолгата манифестација и подели дел од наградите, кои годинава беа во многу помал број. Недостигаа наградите за пејачка на годината и за музички видеоспот. Со својата виолина и специфичен вокал, Андријана Јаневска ја испеа "Сношти минав" како дел од албумот "Македонски рози", награден за најалбум.

Семејството Тавитјан беше двојно наградено: легендата Гарабет Тавитјан - за животно дело, а неговите синови - за концерт на годината. Во друштво на Гаро и на неговите синови, актерот Владимир Лазовски покажа и дека е одличен пејач изведувајќи ја "Јунајт Јуроп" од Тото Кутуњо на македонски. Ги придружуваше најстариот македонски хор "Кочо Рацин". "Бубамара" заврши патриотски, со звуците на "А бре Македонче" и со надеж дека следната година големиот бренд ќе го врати стариот сјај.

***М. Џаровска***

Фото: В. Тануровски

